# Изложба од Мирослав Живковиќ

Во Ликовната галерија од ЦК „Марко Цепенков" е отворена изложба од Мирослав Живковиќ од Србија.  Уметникот на изложбата ( 1.7 до 13.7. 2022) се претставува со 27 дела работени на хартија во комбинирана техника, со апликации.

Тематски делата се врзани со просторот и пејзажот во асоцијативна смисла.
 Ова е прва самостојна изложба на Мирослав Живковиќ во Прилеп.
 - Пејзажот е неисцрпен извор на инспирација и тоа се мои имагинарни дела - вели Живковиќ.

Мирослав Живковиќ од Ниш, Србија, досега реализирал над 70 самостојни изложби и бил учесник на повеќе од 300 групни во Србија и во странство.
 Учествувал на повеќе од 80 колонии и симпозиуми.
 Наградуван е многупати, а работи како професор по сликање и цртање на Факултетот за уметност во Ниш

{AG}zivkovic{/AG}